Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-3215/2
Датум 20-12-2022

## ЗАПИСНИК
## ОД УВИД ВО ОСНОВНИОТ СУД НЕГОТИНО

Комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник (во натамошниот текст: Надзорната комисија) на ден 17.11.2022 година (четврток) во 11.20 часот, согласно Планот за надзор бр. од 08-33/4 од 31.01.2022 година, го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во Основниот суд Неготино.

Претходно, со писмо од 15.02.2022 година Претседателката на Основниот суд Неготино беше известена за престојниот надзор и беше доставен список на документација која треба да биде подготвена за увид.

Увидот во функционалноста на АКМИС-от започна со интервју со Претседателката на судот г-ѓа Билјана Толова во врска со обврските предвидени со Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник.

Претседателката на судот истакна, дека во судот работат 5 судии заедно со неа од кои еден е делегиран од ОС Велес во ОС Неготино заклучно до 31.03.2023 година. Во судот има само двајца стручни соработници на определено време. Мора да се напомене дека две согласности за вработување на стручни соработници од соодветно ниво биле вратени од причина што судот не можел да формира комисија


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

за избор од причина што нема стручен соработник од соодветното ниво како член на комисијата за избор, а судовите од апелационото подрачје неможеле да делегираат стручни соработници. **Од причина што вработувањето на стручен соработник е неопходно за овој суд потребно е Судскиот совет и Апелациониот суд Скопје, Советот на судска служба, Врховниот суд на РСМ, како и Министерството за правда пред кој во тек е подготовка на нов Закон за судска служба да се ангажираат за решавање на овој проблем.**
Судот со средства од Судскиот буџет е реновиран и условите за работа се добри. Три судници биле реновирани со помош на УСАИД, од кои само во една имало инсталирана опрема за тонско снимање но истата била застарена.

**Генерална препорака за Судскиот совет на Република Северна Македонија е да се отвори прашањето за опремување на судовите со нова современа опрема за тонско снимање на рочиштата бидејќи овој проблем е присутен речиси во сите контролирани судови.**

На влезот има рампа за инвалиди и доколку има судење на кое учествува лице со телесен недостаток истото се организира на приземјето.

Архивата е сместена во подрумските простории. Набавени се метални ормани за чување на архивираните предмети. Исто така, има архива за нотарските предмети. Во судот нема заостаток во излачувањето на предметите. Моментално во судот се врши лачење на предметите од 2016 година.

Надзорната комисија ја побара документацијата наведена во гореспоменатиот допис да биде доставена на увид и притоа, во однос на бараните документи беше утврдено следното:

1. **<u>Одлуките за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2019, 2020 и 2021 година.</u>**

Беше констатирано дека е донесена Одлука за формирање на работното тело за управување со движење на предметите во судот за 2022. Надзорната комисија

беше информирана дека се прават измени на одлуките само ако има персонални промени.

**2. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2019, 2020 и 2021 година по предлог на Работното тело.**

Констатирано е дека Годишни планови за управување со движење на предметите се донесени само за 2020 и 2021 заведени под Су-04 бр.36/2020 од 06.03.2020 година и Су-04 бр.10/2021 од 01.02.2021 година, а за 2019 не бил донесен. Причините за неговото не донесување не беа објаснети од причина што тогаш претседател на судот бил друг судија.

**ЗАДОЛЖЕНИЕ: Се бара писмена изјава од претходниот претседател за причините за не донесувањето на Годишниот план за управување со движењето на предметите во судот по предлог на Работното тело за 2019 година.**

**3. Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно за 2019, 2020 и 2021 година (член 17 од СД).**

Надзорната комисија беше известена, дека претседателот во 2020 и 2021 година вршел надзор, за што се составени Службени белешки и истите се заведени под Су бр.118/20-2 од 13.01.2020 година, Су бр.444/20-3 од 04.12.2020 година и Су бр.481/21 од 04.11.2021 година, додека во 2019 година не бил извршен надзор.

**4. Извештаите на повисокиот суд за работата на Основниот суд Неготино за 2019, 2020 и 2021 година.**

Надзорната комисија беше известена, дека Апелациониот суд Скопје извршил посета и надзор над работата на Основниот суд Неготино во 2019 година.

***ПРЕПОРАКА:Апелациониот суд Скопје да врши редовни контоли над работата на основните судови од своето подрачје заради следење на реализацијата на констатираните недоследности во работата на судот.***

**5. Записници од одржани седници на месечно ниво (членови 19 и 22 од СД) и увид во записници.**

Претседателот на судот информираше, дека редовно одржува седници со сите судии на месечно ниво за што се составуваат записници.

**6. Организирани обуки и судски службеници за користење на АКМИС (член 26 од СД).**

Тековни обуки за работење во АКМИС на вработените врши информатичарот во судот. Беше истакнато, дека во судот нема организирана и систематска обука на вработените за работење во АКМИС-от. Недостасува и стручна обука за информатичарот во судот.

***ПРЕПОРАКА: Надлежните органи да преземат чекори во организирање на континурана обука за ИКТ технологијата на информатичарот и другите вработени во судот.***

**7. Судски администратор (член 60 од СД)**

Судот нема судски администратор бидејки е суд со основна надлежност но нема ниту раководител од причина што нема стручни соработници вработени на неопределено време.

**8. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи, за контролираниот период (член 61 од СД).**

Списокот на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи има за 2020 и 2021 година. Истите беа дадени на увид и беше констатиран соодветен распоред на вработените по кориснички групи. Увид во список: Су-04 бр 130/20 од 30.12.2020 година и Су-04 бр.29/20 од 05.03.2020 година.

Безбедноста е решена на различни нивоа за најава на системот. Секој корисник во АКМИС се најавува со свое Корисничко име и Лозинка. За 2019 година нема изготвено ваков список.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

СЕ ЗАДОЛЖУВА претходниот претседател да даде писмена изјава за причините заради кои не бил изработен списокот кој е неопходен од безбедносни причини.

**9. Достава на извештај за реализација на програма за работа најдоцна до 1 март до Судски совет, од страна на претседател на суд.**

Претседателот на судот врши редовна достава на извештај за реализација на програмата за работа до Судскиот совет на Република Северна Македонија најдоцна до 1 март.

**10. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, исто за период од три последни години (член 61 од СД).**

Внатрешните процедури за привилегии во АКМИС-от за Основниот суд Неготино редовно се носат заедно со годишниот распоред за работа и истите беа ставени на увид (Су-04.бр.37/2020 од 06.03.2020 година и Су-04 бр.11/21 од 01.02.2021 година), а за 2019 година не се донесени.

**11. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД).**

Во судот не се формирани судски оддели бидејќи не е исполнет законскиот минимум од тројца судии кои работат по тој вид на предмети.

**12. Формиран оддел за судска практика во судот (член 74 од СД)**

Надзорната комисија беше информирана, дека за следење на судската пракса во судот е задолжена претседателката.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**13. Годишниот распоред на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура за 2019, 2020 и 2021 година, дали се донесени до 31.12 во тековната година, колку пати се менувани и дали е запазена процедурата (мислење од седница на судии и достава до сите судии (член 113 од СД).**

Годишниот распоред за работа на судии е донесен по прибавено мислење од судиите на седница на судии.

Измени на Годишен распоред на судии се правени по законски основ и тоа: само ако се делегира судија, има зголемен прилив на предмети, зголемен број на судии, избор на судија во друг суд. Комисијата изврши увид во годишен распоред и измените на истите.

Годишниот распоред за работа на Претседателот на судот и судиите во Основниот суд Неготино за 2019 година бил донесен и заведен под Су-04 бр.32/18 од 24.12.2018 година. Во 2019 година била направена една измена на распоредот за работа заведена под Су-04 бр.31/19 од 14.11.2019 година.

Годишниот распоред за работа на Претседателот на судот и судиите во Основниот суд Неготино за 2020 година бил донесен и заведен под Су-04 бр. 39/19 од 30.12.2019 година. Во 2020 година биле направени 3 измени и дополнувања на распоредот за работа заведени по Су-04 бр.39/19-2 од 23.01.2020 година, Су-04 бр.35/20 од 05.03.2020 година и Су-04 бр.100/20 од 01.10.2020 година.

Годишниот распоред за работа на претседателот и судии за 2021 година бил донесен и заведен под Су-04 бр.125/20 од 30.12.2020 година. Во 2021 година со Одлука биле направени 3 измени и дополнувања на распоредот за работа заведени под Су-04 бр.125/20-5 од 28.01.2021 година, Су-04 бр.125/20-6 од 27.09.2021 година.

**14. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС (116).**

Надзорната комисија беше информирана дека се организираат дежурства, месечни распореди за дежурства се изготвуваат и истите се испраќаат навремено до МВР и ОЈО (Су бр.167/18, Су бр.161/19 и Су бр.195/20). Дежурствата во судот се прават во неработни часови, викенд и празници.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**15. Простории за судии поротници и за адвокати (член 120 од СД)**

Надзорната комисија беше информирана дека во судот нема просторија за адвокати.

**16. Огласна табла на судот (член 122 од СД)**

Судот располага со огласна табла која е во функција на видливо место.

**17. Формирана канцеларија за односи со јавност која на барање на странка доставува анонимизиран примерок од одлука (член 101).**

Претседателот ја извести Комисијата, дека Канцеларијата за односи со јавноста всушност ја претставува определено лице за односи со јавноста, а тоа е самостоен судски референт Цветанка Ќосева. Оценето е дека нема потреба од поголем број на лица во Канцеларијата за односи со јавноста.

**18. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети и негово физичко присуство (член 89 од СД).**

Надзорната комисија беше известена дека – информатичар задолжен за АКМИС е Горан Николов. Задолженото лице беше повикано и со него лично разговараа членовите на комисијата околу различни аспекти за организацијата на АКМИС-от и неговата примена во судот.

Автоматска распределба и прераспределба на предмети се врши од страна на уписничарите во судот во соодветниот оддел.

**19. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети, за 2019, 2020 и 2021 година (175 став 5 СД).**

Во судот не се вршело исклучување на судија од распределба на предмети заради малиот број на судии освен во ретки случаеви заради различни причини со Одлука на претседателот на судот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**20. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС).**

Членовите на надзорната комисија беа известени дека месечните извештаи на работното тело се доставуваат до претседателот на судот редовно, а во нив меѓудругото се врши и анализа со Акционен план за решавање на старите предмети (Су-3 бр.56/20 од 20.02.2020 година, Су-03 бр.99/20 од 27.04.2020 година, Су-03 бр.44/21 од 15.02.2021 година).

**21. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради иземање на судија, и одлуките за иземање за 2019, 2020 и 2021 година.**

Изземањето на судија се врши со Решение кое е образложено по што преку АКМИС-от се прераспределува предметот (Су-ИЗЗ .бр.3/19 од 23.01.2019 година, Су-ИЗЗ 19/20 од 05.08.2020, Су-ИЗЗ бр.1/20 од 10.01.2020 година, Су-ИЗЗ бр.14/21 од 01.06.2021 година).

По предмети по кој постапува само еден судија распределбата се движи кон наведениот судија, преку АКМИС.

**22. План за годишен одмор на судиите, за 2019, 2020 и 2021 година 115 СД)**

Надзорната комисија констатираше дека не се носи план за годишен одмор туку список и решенија водејќи сметка за покриеност на конкретна област со судија.

За време на летните одмори судиите не се исклучуваат од АКМИС-от, освен во случај на распоредување на итен предмет кој се насочува кон дежурен судија.

***ПРЕПОРАКА: Да се почитува одредбата од член 115 на Судскиот деловник и да се започне со изготвување на План за годишен одмор на судиите.***

**23. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот.**

За време на увидот детално се проверени дел од уписниците од 2019, 2020 и 2021 година.

Сите уписници по кои постапуваат повеќе судии се вклучени на автоматска распределба и тоа: ППОВ, ВПП, МАЛВП, ПЛ, ПОМ, РО, ЗНД, ЗАВ, ЗАВ-С, ОДС, ПЛ1-П, О1, П1, П3, ПЛ-П, ПЛ1-Пм, ВПП1, ПСО, П4, ВПП2, ЗАМ-С, ПИ, П5, ИЗС, ИПК, МАЛВПЛ1-П, МВПОВ, ОНАД, ПЛЖ, ПЛПОВ, РВПП, РОПОВ, РП, но постојат и уписници по кои постапува само еден судија и тоа: К, КУИКП, ПРК-С, ПРК-Ј, ПРК-О, ППНИ, ЗАМ-К, ИКП, ПК и уписници по кои постапува само претседателот на судот се: КУК, КП, УОПК, КСП, КР, КС, К-ПОВ, СУ, УПП, ЗАВ-Х, ИПРК, ИДС, П2, КС-КР, ПРК-Р, КНЗД, УО, КПОВ, К-ПП, ПРК-ПОВ, СУ-ИЗЗ, ИСАМ-Д, ИСАМ-Л, ИСАМ-ПС, ИСАМ, СПИ.

Уписниците од Судска управа по кои постапува претседателот на судот се водат во АКМИС , но исто така и актите се изготвуваат во АКМИС.

Редовните предмети се распределуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени на автоматска распределба, освен поврзаните предмети, итните предмети и уписниците за кои е доделен само еден судија.

**24. Сите одлуки за рачна распределба на предмети, од АКМИС за 2019, 2020 и 2021 година.**

Претседателот на судот ги извести членовите на Надзорната комисија дека нема одлуки за рачна распределба на предмети. Сите предмети се рапределуваат преку АКМИС.

**25. Преглед на информатичката опрема со која располага судот.**

На Надзорната комисија и беше доставен на увид список на информатичка опрема со која располага Основниот суд Неготино. Бевме информирани дека во судот е доставен нов сервер и еден нов скенер кој ги задоволува потребите на судот. Редовно зачувување на потребните резервни копии на податоци се врши на екстерен

уред. Исто така, комисијата беше информирана дека судот има потреба од нови персонални компјутери за непречено функционирање.

***ПРЕПОРАКА: Новиот сервер во судот е ставен во функција со цел да се овозможи непречено функционирање на АКМИС-от и да се набават персонални компјутери за потребите на судот.***

**26. Скенирање на влезни документи**

Надзорната комисија беше информирана дека влезните документи од февруари 2020 година се скенираат по обезбедување на извршител.

**27. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник.**

Комисијата беше информирана дека автоматската распределба на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 14.00 часот, а итните предмети се распоредуваат веднаш. Исто така, на денот на надзорот немаше нераспределени предмети со датум на внес постар од тековниот.

На денот на надзорот при проверка на Контролниците беа воочени по две распределби на ист датум кои се распределби од различни уписници и вклучување и исклучување на судии на ист датум кои се практикуваат заради различни причини со Одлука на претседателот на судот или со Годишниот распоред на судии кои постапуваат по редовните предмети поради отсуство на судии или со Одлука за изземање од причини што предметите се од итен карктер (09.01.2019, 23.11.2020, 15.11.2019, 06.03.2020, 14.10.2021).

**28. Објавен број на анонимизирани судски одлуки на судски веб порталот во однос на вкупен број одлуки донесени во судот.**

Надзораната комисија беше информирана, дека во судот се објавуваат анонимизирани одлуки на судскиот веб портал и тоа: во 2019 година се објавени 91

анонимизирани одлуки, во 2020 година се објавени 231 анонимизирани одлуки и во 2021 година се објавени 245 одлуки.

## 29. Електронски прием на предмети од страна на судиите

Надзорната комисија беше информирана дека електронското прифаќање на предметите од страна на судиите се врши редовно.

## 30. Уписници што се водат во хартиена форма

Надзорната комисија беше информирана, дека нема уписници кои се водат во хартиена форма.

Увидот заврши на ден 17.11.2022 година во 15:00 часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk